# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јануари 2008 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,30 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Благој Зашов, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Благој Зашов:** Дами и господа пратеници,

Продолжувмае со работа по 93-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Трајко Вељановски, Иван Стоиљковиќ, Илинка Митрева, Весна Бендевска, Јани Макрадули, Лазар Китановски, Мери Младеновска Георгиевска, Верица Филипова, Љубчо Георгиевски, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Хазбие Ибиши, Али Ахмети, Фазли Велију и Зумрете Јакупи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(Во салата нема кворум).

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат како би можеле да продолжиме со работа.

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат за да продолжиме со работа.

Продолжуваме со работа.

**Точка 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата, со Предлог на закон.**

Владата на Република Македонија Предлог за донесување на законот, со Предлогот на законот го повлече од оваа седница.

**Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор министерот за труд и социјална политика, повелете господине министер.

**Љупче Мешков:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани пратеници, со овој закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување го заокружуваме процесот на нормативно регулирање на реформираниот пензиски систем, со тоа што од 1.01.2006 година како што знаете профункционира целосно вториот пензиски столб и со донесувањето на овој зекон денес ја заокружуваме реформата во пензискиот систем, и нема да биде нескромно ако кажам дека од многу експерти беше оценета како една од најуспешните реформи во Република Македонија.

Доброволното капитално финансирано пензиско осигурување е регулирано во Законот би рекол на многу либерален начин со тоа штоопфаќа голем круг и големи можности за осигурување, значи во доброволното осигурување може да влезе секое лице во Република Македонија кое е над 18-годишна возраст, без оглед на фактот дали се работи за невработен граѓанин на Република Македонија или се работи за работници во одредена фирма, значи во секој случај оној кој ќе се пријави во доброволното осигурување плаќа одреден придонес и пота најрано 10 години пред исполнувањето на условите за пензија, старосната граница, тоа значи 54 години маж и 52 години жена ќе може да ги повлече ануитетите,односно се она што го уплатувал и се она што преку инвестирањето и преку каматизирањето на тие средства го добива во тој период.

Исто така, може работодавачот за дел од своите вработени или за сите вработени да плаќа дополнителен придонес, со тоа што неговите работници, за оние за кои се плаќа придонесот, во моментот на подигањето на ануитетите од уплатените придонеси, ќе оствари дополнителен приход, односно во староста ќе има дополнителни приходи.

Ова го кажувам од аспект на тоа што кај нас во Република Македонија обично пензијата е единствен извор на егзистенција во последните години, додека во западните земји се разбира пензијата не е ниту може да биде единствен извор на егзистенција на старите луѓе и токму заради тоа со овој закон се дава таква можност лицата кои ќе остварат пензија од првиот пензиски столб, задолжителниот, да им се дава можност во староста да користат и ануитети од третиот пензиски столб, со што би ја подобриле својата материјална состојба во постарите години.

Се разбира, со овој закон инкорпорираме и директива од Европската комисија, тоа е Директивата 2003/41, која предвидува воведување на професионални пензиски шеми, односно склучување на договори меѓу работодавачот и пензиското друштво за тоа за кои луѓе, за кои свои работници работодавачот сака да плаќа придонес и да ги вклучи во доброволното капитално финансирано пензиско осигурување. Целата работа околу постапката ќе ја водат пензиски друштва и тие друштва всушност се деловни банки кои ќе се јават на тендер, основачкиот капитал го направивме да биде само 500 илјади евра, со што дадовме можност да се јават во улога на пензиски друштва, да можат да се јават повеќе банки, повеќе деловни банки, но за разлика од пензиското друштво, банката чувар наимот кој во овој случај нема да биде повеќе Народната банка како што е во вториот пензиски столб тукуќе биде исто така деловна банка, се бара основачки капитал од 9 милиони евра. При тоа многу е

значајно што во улога на пензиско друштво може да се јави и деловна банка или осигурителна компанијаод друга држава, значи од странство и токму поради тоа ние заедно со МАПАС, Агенцијата за супервизија, направивме план за презентација на третиот пензиски столб во Република Македонија во други држави, првата ја направивме во Љубљана,односно Словенија и на таа презентација присуствуваа деловни банки на кои им ги кажавме предностите, односно регулативата во врска со третиот пензиски столб и можноста дека тие ќе можат да инвестираат токму во овој бизнис, односно во пензиското социјалното осигурување. Ваквите презентации се предвидени и во други градови,односно држави во наредниот период.

За да биде пристапно ова осигурување за граѓаните, државата односно законодавецот предвидува даночни олеснувања за сите оние кои ќе сакаат да пристапат во доброволно капитално финансирано пензиско осигурување и тие даночни олеснувања се индивидуално, граѓанинот кој ќе плаќа придонес во третиот пензиски столб ќе бара поврат на средствата на име персонален данок, а работодавачот исто така ќе биде ослободен за плаќање на обврските по основ на персонален данок, но до ограничена вредност, за да се спречи евентуално перење на пари преку уплатина огромни средства и ослободување од данок работодавачот ќе биде ослободен за секој работник поединечно од 6 просечни месечни плати остварени во претходната година, ќе биде ослободен од плаќање персонален данок, со што мислиме дека практично ова осигурување го правиме подостапно, односно би рекол постимулативно за работодавачите да плаќаат придонеси за своите вработени во третиот пензиски столб.

Овие средства кои ќе се собираат во пензиските друштва ќе може да се инвестираат како во државата така и надвор од неа и за разлика од вториот пензиски столб каде што од вкупните средства портфолио на деловните банки, односно на пензиските друштва може во странство максимум 20% да се инвестира, овде одиме понатаму, овие средства од третиот пензиски столб ќе може да се инвестираат и во странство, до износ од 50% од вкупно прибраните средства.

Овој закон се трудевме да го погледаат и да дадат свои сугестии што е можно повеќе институции и експерти и стручни лица, ккао и другите закони до сега кои навлегуваат во сферата на интересите на работниците или работодавачите и овој закон беше предмет на разгледување на седница на Економско социјалниот совет, кој даде свои сугестии, даде свои забелешки, дел од нив вградивме и овој закон помина на седница на економско социјалниот совет, во смисла дека тој даде виза за овој закон. Исто така, беше разговарано со други деловни банки и со други институции, беше спроведена една опширна дискусија и расправа околу тоа да се искористат сите можности да дојдат сите сугестии кои ќе бидат корисни да бидат вградени во овој закон и имајќи ги предвид сите тие забелешки кои ги вградивме, поголемиот дел од нив, го подготвивме овој закон и еве го денес тој закон пред вас пратениците. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине минситер.

За збор се јави госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Ви благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван минситер, благодариме за вашето исцрпно излагање во однос на Предлог законот кој е денес на дневен ред на нашава седница, но јас би сакала во свое име да подебатирам малку околу овој закон и да дадам некои забелешки, односно добронамерни сугестии за подобрување на текстот на законот.

Со новиот закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување се збогатува нашиот финансиски систем со уште еден значаен сегмент, кој треба да обезбеди поголема стабилнсот во финансискиот систем на Република Македонија, како и појава на нови институционални играчи на домашните финансиски пазари. Досегашните резултати од реформите на пензискиот систем со воведување на вториот столб покажуваат дека Република Македонија успешно се справува со предизвиците од воведувањето на задолжително капитално финансиско пензиско осигурување.

Со Законот за изменувањ еи дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, Службен весник на Република Македонија број 24/2000, се воспостави тростолбен пензиски систем во Република Македонија, така што донесувањето на овој закон со Предлог на закон претставува имплементација на последната фаза од реформата на пензискиот систем на Република Македонија. За причините поради кои треба да се донесе оваа законска регулатива за доброволни пензиски фондови многу добро е објаснето во Предлогот на законот, тоа гокажа и министерот и тука нема да се повторувам со мојата дебата, ќе го скокнам тој дел и практично во интерес на времето ќе дадам само краток осврт на законските решенија, сакајки да укажам на некои забелешки кои Владата и Министерството за труд исоцијална политика во иднина би требало да ги има предвид, бидјеки свесни сме дека нема идеално законско решение и дека нема еднаш засекогаш изготвен закон, туку законите се променлива категорија, односно одредбите во законите се менуваат, тие се динамична категорија, па според тоа сметам дека ова што сега во овој момент ќе го изнесам е во интерес на поквалитетен закон што би требало, би го замолила министерот и пратениците да го нотираат и во иднина, до колку се потврди дека овие забелешки и сугестии од моја страна лично се коректни и придонесуваат за поквалитетен закон дека истите ќе бидат поставени во иднина

во законот со некои измени и дополнувања на овој закон.

Првата забелешка се однесува на самиот почеток каде стои дека примарна цел на доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, во овој воведен дел од законот меѓу другото е појаснето дека за почетната фаза на системот се смета дека треба да се применат квалитативни и квантитативни ограничувања, а во иднина постепено тие ќе се напуштат и ќе се воведува правило на разумен човек. Мојата забелешка е во однос на овој дел сега што го прочитав.

Сметам дека потребно е прецизно да се дефинира периодот на кој ќе се однесуваат тие ограничувања, како би можеле друштвата прецизно да ги планираат своите инвестициски стратегии на среден и долг рок.

Втора забелешка, се однесува на член 12 од законот, таму стои дека едно друштво може да основа и да управува само еден доброволен пензиски фонд. По исклучок од став 1 на овој член друштвата може да управуваат со повеќе од еден доброволн пензиски фонд на начин пропишан од Агенцијата по претходна согласнсот од Министерството за труд и социјална политика.

Мојата сугестија и предлог е, сметам дека треба да стои така, мора прецизно да се дефинираат условите и степенот на развиеност на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, при кое ќе се дозволи управување со повеќе од еден доброволен пензиски фонд, потребно е да се специфицира максималниот рок, повторувам да се специфицира максималниот рок во кој нема да се дозволи формриање на повеќе од еден доброволен пензиски фонд.

Понатаму третата моја сугестија се однесува на член 84 точка 5 став в), таму стои дека стапката на придонес која  осигурителот ќе ја уплаќа за професионалната пензиска шема во име на вработените или членовите, јас сметам дека треба да стои: стапката на придонес да се додефинира, значи не е доволно ова што стои така во членот 84 точка 5 став в), сметам дека стапката на придонес треба да се додефинира. Дали се мисли на стапка на придонес од бруто плата, нето плата, или се мисли на точно одредена месечна уплата во одреден фиксен износ или минимален износ.

Понатаму, сугестија во однос на членот 111, во кој стои, во случај друштво преку личен контакт остварен од страна на свој вработенм претставник или агент на тоа друштво или поврзано лице со тоа друштво да изврши влијание на некој член, да го прекине членството во доброволен пензиски фонд со кој управува друго друштво и да стане член на доброволен пензиски фонд со кој управува првото друштво, тоа мора да докаже дека во времето на убедувањето на тој член не можело разумно да се очекува дека таквото преминување е спротивно на интересите на тој член. Сметам дека треба да се дефинира што е спротивно на интересите на член при премин од фонд во фонд. Висината на идните приноси од инвестирање на средствата на Фондот реално не може да се предвидуваат, согласно тоа не може да се утврди дали за едно лице ќе биде поволно или штетно да премине од фонд во фонд. Единствен показател за штетност на премин може да биде висината на средствата кои ќе се платат како надоместок за премин.

Членот 111 треба да се преформулира во смисла дека преминот е лична одлука на членот со изјава за премин. Сметам дека нема потреба друштвото да ја докажува нештетноста на неговата лична оценка.

Понатаму, следна сугестија односно забелешка на член 117, друштвото може да ги наплатува единствено следните надоместоци, но не би сакала да ги читам како стојат таму во законот, да скратам во интерес на времето, но ќе кажам како сметам дека треба да тои: Административно определување на максимален надоместок од придонеси, влезна провизија и управувачка провизија, е спротивно на начелата на пазарната економија.

Во ситуација кога се дозволува влез на неограничен број на друштва кои ги исполнуваат условите од законот непотребна е оваа административна мерка. Во оваа ситуација законот не формира монопол или дуопол на пазарот, со што би се јавувала потреба од административно плафорнирање на провизиите.

Понатаму, Глава 13 во Законот се однесува на инвестирање на средствата на доброволен пензиски фонд. Општ впечаток кај друштвото е дека делот кој се однесува на инвестирањето на средствата е пререгулиран. Со широкиот список на ограичување на инвестирање, се создава ситуација да не се искористат поволностите од инвестирање на регионалните берзи и светските берзи и да се остварат повисоки приноси од инвестициите на средствата на Фондот што е примарен всушност интерес на членовите на друштвото.

Понатаму, следна сугестија, член 150 точка 2, стои сите надоместоци на чуварот на имот ги плаќа друштвото од сопствените средства. Смета надоместоците. Значи сугестијата е надоместоците за чуварот на имот да се вградат во влезната провизија. Изграден е модел кој веќе функционира одлично во рамките на вториот столб, и со едноставна адаптација може да се примени и на третиот столб. Понатаму, забелешка на член 158 точка 1 и 2, нема да читам како стои во законот, го имаме сите пред нас законот. (Потпретседателе ве молам услови) значи, забелешката односно сугестијата во однос на членот 158 го имате сите ке повторам законот, според мене би требало: нема потреба од лимитирање на повраток на персонален данок на доход, но имаме, предлог за посебна стимулација која би можела да биде како на пример во хрватскиот модел на доброволно пензиско осигурување, уплата на одреден износ на средства од страна на државата како стимулација на штедењето во доброволен пензиски фонд. Со

државните стимулативни средства државата стимулира вложување во доброволно пензиско штедење со дополнителни 25% од вредноста на уплатените средства во една календарска година во само еден доброволен пензиски фонд до максимално вкупно уплатен износ.

Всушност овие стимулации ќе придонесат за силна афирмација на доброволното пензиско осигурување и на определбите на Владата за стабилен социјален развој на државата и нејзините граѓанин.

На крај колеги во глава 17 имате предвидено господине министер казнени и прекршочни одредби.

Во однос на казнените и прекршочните одредби општа забелешка е дека предвидените парични казни се нереално големи. Не соодветствуваат на фактичката состојба и условите на работење и предлагам висината на казните за повредите направени при работењето со пензиските фондови да бидат усогласени на висината на казните кои се однесуваат на банкарскиот сектор и другите финансиски институции, бидејќи повеќе од очигледно е дека тие мерки можат и мора да бидат меѓусебно споредливи.

Верувам дека моите обрзложени и аргументирани забелешки ќе бидат разгледани од ваша страна и ќе придонесат кон формирање на уште подобар, посуфистициран текст на Предлог за донесување на закон.

Јас ви благодарам на вниманието и покрај тоа што сепак имаше голем број на, не би сакала да речам незаинтересираност, меѓутоа со оглед на фактот што ова е специфична материја многу професионална и експертска и нормално е но во секој случај благодрам, сигурно верувам дека господинот министер ме слушаше со внимание.

**Благој Зашов:** И јас ви благодарам госпоѓа Секуловска.

Молам за тишина колеги пратеници.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да гу усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

Ги повикувам сите пратеници кои моментално не се во салата да влезат како би можеле да пристапиме кон гласање.

(Некои пратеници влегуваат во салата)

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно, колку што гласале 63, за заклучокот се изјасниле 63, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеници, сите се изјасниле за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законо.

Пратениците Светлана Јакимовска и Велибор Георгиевски поднесоа амандман за менување на член 176 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Јован Манасиевски поднесе амандман на член 108 за бришење на став 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 108 за бришење на став 1, поднесен од пратеникот Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Љупчо Мешков:** Амандманот не се прифаќа и би сакал накратко да образложам зошто.

Предвидено е заради економичност на пензиските друштва истите агенти кои ќе работат за вториот пензиски столб истите тие да бидат агенти и за третиот пензиски столб, а доколку се јави ново друштво во тој случај обука а гентите ќе полагаат и за вториот и за третиот пензиски столб.

Во случај ако тој агент оди во просториите кај работодавачот може да врши влијание преку работодавачот одреден работник и во вториот пензиски столб да премине од едно во друго пензиско друштво, што треба исклучиво да биде лична определба на граѓанинот, односно на лицето или работникот, и за да се анулираат таквите можности сметаме дека пријавувањето за влегување во доброволното пензиско друштво треба да биде директно со пензиските шеми или лично во пензиските друштва, а не во работните простории да оди агентот и да склучува или да рекламира премин од едно во друго друштво.

Од тие причини амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Благодаам господин министер.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот гоставамна гласање.

Гласале 53 пртеници, од кои 11 за, воздржани нема и против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 108 за бришење на став 1 поднесен од пртеникот Јован Манасиевски.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 176 поднесен од пратениците Светлана Јакимовска и Веле Георгиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Љупчо Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и е составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Бидејќи нема пријавени за збор го заклучувам претресот по Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно колку што гласале 58, за предлогот на законот се изјаснија 58, против нема и од гласањето нема воздржани пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување.

**Минуваме на точката 6. - Предлог на закон за риварство и аквакултура.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Ратко Димитровски поднесе амандман на член 86 став 1, член 90 за додавање нов став 2 по ствот 1, член 102, став 1, за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3 и на член 107, став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 1, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

За збор се јави господин Мирјана Секуловска.

Дали е во врска со амандманот.

Госпоѓа Секуловска дали е во врска со амандманот, или по текстот.

Дали за збор по текстот на амандманот. . .

Да, знажи, по текстот.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 54, колку што гласале за амандманот гласаа 11 пратеници, против гласаа 41 пратеник, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 86 став 1 поднесен од пратеникот Ратко Димитров.

Отворам претрес по амандманот на член 90 за додавање нов став 2, по ставот 1, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Љупчо Мешков:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 102 став 1, за додавање нова алинеја 4 по алинејата 3, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** И овој амандман се прифаќа и станува составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 107 став 2, поднесен од пратеникот Ратко Димитровски..

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министер.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандман не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 56, колку што гласале, за амандманот гласале 14 пратеници, против гласале 40, а од гласањето се воздржаа 2 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот однесен од пратеникот Ратко Димитровски.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Никола Рилкоски.

Повелете господине Рилкоски.

**Никола Рилкоски:** Почитуван потпретседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Ценејќи го трпението ќе се потрудам телеграфски да образложам што сметам во врска со текстот на овој закон.

Со овој закон се врши усогласување со постоечките закони од домашното законодавство, односно со Законот за водите и Законот за заштита на животната средина и усогласување со дел од меѓународното односно европското законодавство за риболов и аквакултура.

Со овој закон се воспоставува поголем ред, планирање, програмирање и управување со риболовните води, со рибите, со концесионирањето, со стопанскиот риболов, вештачкото оплодување, рибниците, аквакултурата, порибувањето, спортскиот и рекреативниот риболов.

Морам да нагласам дека овој закон е еден од ретко добро срочените закони бидејќи одеше со еден предуслов, со тоа што беше изработен во две фази, со тоа што се даде можност на пошироката јавност и на институциите, особено научната институција, хидробиолошкиот завод од Охрид, кој се занимава исклучиво со животот во водите посебно со животот односно флората и фауната во Охридското Езеро, кои што дадоа свој допринос во градењето на овој нов закон, така што навистина овој закон е за пофалба.

Позитивно што дава овој закон е тоа што го регулира и стимулира производството и одгледувањето на риби во рибниците што подразбира нови вработувања и производство на здрава храна.

Го регулира стопанскиот риболов, односно го стимулира стопанскиот риболов кој што постоеше, па го снема со тоа што дава можност за негово обновување, што значи повторно нови вработувања. Само за илустрација да споменам дека на Охридското односно струшкото крајбрежје сите селски населби кои што гравитираат на тој потег се занимаваа со оваа стопанска гранка и доста, доста, фамилии егизстираа што дава надеж дека повторно тоа и ќе се случи. И, што е најважно го опфаќа и концесионерството, како една форма со која ќе можат да се овозможат нови вложувања во процесот на рибарството односно аквакултурата. Кога говорам за рибарството пред се мислам за рибарењето во сите води во Македонија.

Но, морам посебно да нагласам рибарењето, поточно рибокрадењето што е извршено со години наназад во Охридското Езеро посебно врз ендемските видови на риби, а тоа е охридската пастрмка и белвицата кои се пред истребување. Меѓутоа, се надевам дека со воведувањето на еден построг режим на санкционирање и еден поголем ред во порибувањето и вложување во порибувањето дека ваквата состојба во дадена ситуација ќе се ублажи, а најверојатно во подоцнежните времиња ќе биде подобра.

Меѓутоа, морам да спомнам дека навистина врз охридската пастрмка се врши невиден геноцид, има причини зошто, не би ги наведувал, таа е една од ретките риби која и по својот квалитет има и своја цена така што е интересна за рибокрадење односно за риболовење бидејќи е доходовна.

На крај само би рекол ако сакаме да имаме успешно регулирање на риболовството врз овој вид на риба во Охридското Езеро иако само во 9-тата глава во членот 103 е спомнато дека на меѓународен план ќе се извршат извесни договарања за заштита на оваа риба, сакам само да потенцирам дека Министерството односно Владата треба да поведат повеќе сметка за заштитата на оваа риба од албанската страна на Езерото, бидејќи кај нас во Република Македонија тој дел колку толку е заштитен од разни инспекции или рибочувари, но никако не во доволна мерка, но за разлика од кај нас од другата страна е навистина еден башибозук во ловењето на рибата така што колку ние да се трудиме да ја заштитиме или да придонесеме во самото размножување нема да имаме ефект до колку ваквиот начин на истребување на рибата од другата страна оди многу така што во тој дел апелирам до Владата да направи поголеми напори за ова риболовење од другата страна да биде навистина регулирано, барем приближно онака како што ќе го регулираме кај нас. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Рилкоски.

Реплика има господинот Цветко Грозданов, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе напомнам дека со голем дел од излагањето на господинто Рилкоски се согласувам, но ќе напомнам она што би требало да претставува приоритет за оваа Влада и сите наредни влади кои ќе доаѓаат е да не вршиме само заштита на охридската пастрмка, туку да водиме многу поголема сметка околу она што се нарекува порибување. Ако се црпи одреден фонд на риба од Охридското Езеро ние треба да бидеме подготвени во дадениот момент да го порибиме Езерото со минимум два или три пати повеќе млади парчиња на риба кои понатаму ќе можат да се најдат на трпезите на охридските ресторани затоа што автентичноста на Охрид и охридското крајбрежје го дава охридската пастрмка. Сите туристи кои ќе сакаат да дојдат и да го посетат Охрид и она што ќе го понесат како дел од националната кујна во Охрид и охридско е точно тоа јадењето или дегустацијата на охридската пастрмка.

Затоа би апелирал до Хидробиолошкиот завод - Охрид до ЕСМ кои имаат одредени договори во кои треба да вршат порибување, да не биде само формално дека ние ќе порибиме толку и толку видови на парчиња на риба пастрмка, туку тоа да биде зголемено и да биде стварно онака како што е договорено. Да можеме што е можно повеќе млади рибни фондови да ги поставиме во самото Охридско Езеро како би можело после две, три, пет години истите тие да бидат уловени.

Би апелирал само околу зголемувањето на бројот на порибувањето и сметам дека и оваа Влада и наредните влади ќе треба да обрнат малку поголемо внимание и апел да дадат субвенции околу овој фонд за порибување на Охридското Езеро. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам и јас господине Грозданов.

Продолжуваме со дискусија.

За збор се јави госпоѓа Мирјана Секуловска, повелете.

**Мирјана Секуловска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

Ќе бидам кратка како и претходниот дискутант колегата Рилкоски, јас во интерес на времето и во интерес на договорот ќе бидеме што пократки, но сепак сакам да кажам дека не би можела да се исклучам, а да не кажам нешто во врска со овој закон.

Новиот закон за рибарство и аква култура претставува успешен обид на изготвувачот, во конкретниот случај Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да се задоволат основните принципи за рибарство и аква култура, но и на заштитата на животната средина.

Од Министерството вложени се големи напори за усогласување на условите и можностите на рибарството во Република Македонија со европските законски прописи.

Може да се заклучи дека во новиот закон за рибарство и аква култура се инкорпорирани во голем дел директивите на Европскта унија за заштита на биодиверзитетот на рибите, заштитата на автохтоната рибна фауна, како и заштитата на езерските и речните еко системи.

Познато е дека водните еко системи на Република Македонија располагаат со голем процент на ендемични и реликтни видови риби особено водите на Преспанското и Охридското Езеро, како и во оние национални паркови. На овие видови им е посветено посебно внимание, пред се нивната заштита што забраната од внесување на нови односно неавтохтони видови во водите кои припаѓаат во нивните сливни подрачја.

Понатаму, со овој закон за прв пат се предвидува да се изготви риболовна основа на риболовните води во Република Македонија односно за прв пат со сигурност ќе се знае видовиот состав во риболовната вода како и количините риба со кои даден воден еко систем располага. Тоа е потребно, пред се, за да може правилно да се менаџира со даден еко систем односно во Република Македонија да отпочне одржлив развој на рибарството.

Голема новина која ветува успех на ваквата замисла е што се предвидува риболовната основа за секој воден еко систем посериозно да биде изготвувана од научна или образовна институција која се занимава со областа рибарство.

Исто така, почитувани колеги, со овој закон термините спортски риболовец и спортски риболов за прв пат се издвојуваат со термините рекреативен риболовец и рекреативен риболов. На тој начин всушност се дозволува вршење спортски риболов само на спортски натпревари и на води кои се строго определени за таа намена, додека рекреативниот риболов се врши за рекреативни цели, но во строго определени временски термини и локации, како на пример рекреативни зони или риболовни ревири и начин на рибарење.

Понатаму, со воведувањето на комплетна евиденција на концесионерите на риболовните води државата ќе има потполна контрола врз активностите кои се преземаат на риболовната вода односно во секој момент ќе се знае за квалитетот на риболовната вода, количината на уловената риба, количината на риба која е останата за улов, како и други параметри кои се однесуваат на дадениот воден еко ситем.

Понатаму, почитувани колеги, новина во овој закон е што со него правно се регулира една индустриска гранка која постојано припаѓала кон оваа област, но не била третирана од досегашниот Закон за рибарство.

Аква културата во Република Македонија постои многу одамна, но со овој закон за прв пат ќе се направи регистер на правни и физички лица кои се занимаваат со оваа дејност. Освен тоа со законот се регулира кои видови риби ќе смеат да се одгледуваат во доделената вода за аква култура што во изминатиот период не беше случај.

Почитувани, со овој закон за прв пат се регулира и прометот на риба со што  го спречува досегашниот шверц со риба особено со охридска пастрмка која и покрај забраната за лов која е подолга од три години се нуди во голем број на угостителски објекти. Новина е и тоа што на инспекторските служби им е дозволено да бараат документ за потекло на рибата во продажните објекти рибарници, угостителски објекти и сл., со што во голема мера би се намалила недозволената трговија со одредени видови риба особено со охридската пастрмка.

На крај, мора да се напомене дека законот за рибарство и аква култура правно регулира област која е динамичка и најверојатно во догледен период ќе мора да претрпи одредени промени, но во овој момент овој закон претставува, би рекла, прецизно, концизно и правилно правно регулирање на една ваква променлива материја каква што е рибарството и аква културата.

Во контекст на претходната реениця би сакала да укажам на некои можни забелешки и тоа забелешките се однесуваат најпрвин во врска со членот 35 од  законот. Во него се регулира концесијата за стопански риболов во риболовни зони. Значи, рибите од риболовните зони од член 12 на овој закон се даваат на концесија на домашни и странски правни и физички лица  и на домашни физички лица по пат на јавен конкурс на начин и услови утврдени со овој закон.

Рибите од риболовните зони се даваат на концесија за период од две години.

Понатаму стои - за давање на концесија на риболовните зони од став 1 на овој член се применуваат одредбите од членовите 26,27,28,29,30,31,32 и 33  на овој закон.

Промена, зборот “два” од став 2 на овој член 35 се брише и се заменува со  зборот “шест”. Имам образложение зошто.

Во третиот став на овој член предлагачот се повикува на одредбите на членовите од 26 до 33 заклучно на овој закон каде стои дека концесија за риболовни подрачја се дава за времетраење од шест години. Тоа е причината.

Освен тоа и концесијата за рекреативен риболов на риболовните ревири и рекреативни риболовни зони се дава на период од шест години. Оттука, почитувани колеги и почитуван министер, обврските на концесионерот на риболовната зона предвидени со членовите од 26 заклучно со 33 на овој закон се идентични со оние на концесионерот на риболовните подрачја, тогаш и неговите права треба да произлегуваат од членовите 26 заклучно со 33 на овој закон.

Финансиските средства, организацијата и подготовките за организирање на стопански риболов и риболовни зони се поголеми,

покомплицирани, би рекла и понеизвесни отколку кај риболовните подрачја, па затоа сметам дека периодот на кој рибите од риболовната зона се даваат на концесија треба да се изедначи со период за кој се доделува концесија во риболовните подрачја односно шест години, а не две.

Понатаму членот 43, нема да го читам, само ќе кажам дека таму барате да има минимум 100 члена. Јас сметам дека овој минимум од 100 члена треба да се замени со 50 членови и ќе кажам зошто.

Поголем дел од досегашните риболовни ревири просторно припаѓаат, почитуван министер, на рурални, неразвиени општини. До колку за добивање на концесијата на еден ревир на риболовната вода која протекува низ нивната локална самоуправа ограничувачки биде недостатокот на членство, а вие барате 100, јас предлагам 50, тоа би можело да предизвика незаинтересираност на локалното население за грижа на рибниот фонд во тој водотек што како краен резултат би имало негативен ефект по рибните популации, бидејќи не може да се постигне бројката од 100 члена.

Понатаму, при крај сум почитувани колеги, дозвола за аквакултура член 63. Таму имате предвидено дозвола за аквакултура издава министерот по претходно поднесено барање, кон барањето задолжително се приложуваат од 1 до 5 документи, јас сметам дека треба да се додаде и шеста точка во документацијата потребна за добивње на дозвола. Шестата трега да гласи: позитивно мислење од овластена институција од член 74.

Имам образложение за оваа моја сугестија, имено овластената институција од член 74 има обврска според член 76 од овој закон покрај останатото да ја следи состојбата и тн., да изработува риболовни основи и да не набројувам, па сметам и покрај вака големиот обем на работа, бидејќи сите го имаме законот и можеме да видиме, голем е обемот на работа на оваа овластена институција од член 74 на овој закон, нејзиното мислење за добивање на дозвола за вршење на дејност аквакултура што е предвидено во член 63 не е предвидено. Значи, без позитивно мислење од овластена институција од член 74 може да се случи објектите за аквакултура, како и самиот процес на производство да имаат негативно влијание врз автохтоната рибна фауна, па и врз целокупниот растителен и животински свет во даден воден еко систем.

Јас ви благодарам за вниманието, почитуван министер сметам дека овие сугестии добронамерно ќе бидат сфатени и можеби во некоја идна верзија ќе бидат предложени. Ви благодарам за вниманието уште еднаш.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Секуловска за вашата дискусија иако се работи за дискусија во врска со амандмани, јас би молел следните дискутанти да имаат предвид дека се работи за Предлог на закон, дека ги завршивме амандманите за да можат да бидат пократки во своите излагања.

За збор се јави господин Марјан Додовски, повелете.

**Марјан Додовски:** Благодарам потпретседателе,

Почитувани колеги пратеници, почитуван министре.

Само накратко ќе се осврнам на значењето на донесувањето на овој закон, нема да навлегувам во текстот на законот, би потенцирал дека пред нас се наоѓа еден закон од исклучителна важност, бидејќи се затвора еден процес на закони хармонизирани со законодавството на Европската унија кој на некој начин има допирни точки со животната средина.

Верувам дека следната недела кога веќе во втора фаза влегува и законот за води ќе имаме еден заокружен систем токму во оваа проблематика.

Само накратко ќе истакнам за делот на заштитата на охридската пастрмка, но не само за неа, би се навратил и на охридската јагула и она што колегата Рилкоски и другите колеги го истакнаа во своето излагање навистина она што во наредниот период треба да се направи, а веќе во јавноста имаме можност да видиме активности од страна на Република Македонија во делот на сочувување на охридската пастрмка е и ангажманот заедно со албанската страна да се постигне еден интегрален пристап кон зачувување на охридската пастрмка.

Бидејќи водата не признава административни граници, колку ние да се трудиме да ја заштитиме охридската пастрмка, верувајте дека голем напор треба да биде направен и од соседна Албанија. Верувам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство заедно со Министерството за животна средина и просторно планирање ќе го дадат својот максимум пред се во делот на Охридското езеро, секако тука е и Преспанското Езеро, Дојранското Езеро, во делот на заштитата на животинскиот свет посебно во овие прекугранични води.

Давам поддршка на законот и верувам дека ова е голем, голем чекор со својата имплементација во наредниот период ќе ги даде и своите резултати. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Додовски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да преминеме на гласање ги повикувам колегите кои не се во салата да влезат како би можеле да пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да ги пребројат пратениците како би констатирале дека има доволен број пратеници присутни во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците)

Уште еднаш ги поканувам колегите пратеници да влезат во салата, како би пристапиле кон гласање.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 62, против 2, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за рибарство и аквакултура.

**Минуваме на точка 7 - Предлог на закон за сточарство.**

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 1, член 30 став 1 алинеја 4, член 37 став 2, член 45 став 1, член 47 став 1, член 58 ставови 2 и 4, член 68 став 2, член 76 став 3 на третата реченица, член 77 ставови 2 и 3, член 82 став 1 точка 1, член 83 став 1 точка 5 и на член 84 точки 2 и 9.

Отворам претрес по амандмнаот на член 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Соовој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Ацо Спасеноски:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Господине министер, бидјеки има и други амандмани поднесени од Законодавно-правната комисија за кои повереникот се изјаснил, дали вие како претставник на Владата ги прифаќате другите амандмани.

**Ацо Спасеноски:** Амандманите во целост се прифаќаат.

**Благој Зашов:** Овој амандман и 11 следни амандмани кои се поднесени од Законодавно-правната комисија, ги прифати претставникот на Владата.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Ацо Киров, повелете,

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе.

Јас ќе го кажам нашиот став околу овој закон и морам да изразам една благодараност и една пофалба до Валдата односно до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство дека законот навистина е добро изработен и прифатлив за нас, со многу мали забелешки за кои посебно не би сакал да дискутирам, да одам член по член, бидејки сакаме побрзо да завршиме.

Значи нашиот став е дека овој закон го прифаќаме, добро е изработен и се надевам дека оние мали недостатоци со понатамошната изработка ќе се дотераатkако што треба.

Почитуван минситре, од името на опозицијата да изразам една благодарност до вас и до Валдата што не издржавте до крај со вашиот инает што го водевте со тутунопроизводителите односно дадовте 30 денари по килограм премија. Сепак се надевам дека ние нема да останеме и на овие 30 денари, бидејки тоа беше договорено со претходната Влада, дури сега после годинаипол го исполнивте, а ние ќе бараме тоа што го ветивте во кампањата во 2006 година.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Киров.

За збор се јавил господинот Борис Кондарко,но тој сега не е тука, а повеќе нема пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 56 пратеници колку гласале за Предлогот на законот гласа 55, против нема, воздржан 1.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за сточарство.

**Минуваме на точка 8 - Предлог за донесвуање на закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесвуање на закон за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 57 пратеници колку гласале сите гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 51 пратеници сите се изјасниле за предлогот.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија пондесе амандмани на член 12 став 12 и на член 19 став 1 и тие се составен делна текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 8 став 5, член 15 став 1 на воведната реченица и на точка 3, член 18 на точка 3 и на член 24 став 2, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 56 пратеници колку гласаа сите 56 се изјаснија за, против и воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за Агенција за регулирање на пазарот на железничките услуги, со Предлог на закон.

**Минуваме на точка 9 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештајот на ЗПК, ви се доставени односно поделени.

Отворам по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесвување на закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 52 пратеници колку гласале сите гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 54 пратеници колку гласале сите 54 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлоготна законот.

Отворма претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за додавање нов член 7 по членот 6 и за пренумерација на членовите од 7 до 20 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Ве молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставма на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 53 пратеници колку гласале сите 53 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека Собранието го доенсе законот

За изменување и дополнување на Царинскиот закон.

**Минуваме на точка 10 - Предлог за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесвување на закон за Агенција за регулирање на пазарот Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлог за донесвување на закон за изменување и дополнвување на Законот за хартии од вредност.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, сите 55 гласале за, воздржани и против нема.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 55 пратеници за гласале 54, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија пондесе амандмани за додавање нов член 13 по членот 12, за додавање нов член 14 по членот 13, за пренумерација на членовите од 13 до 22, за додавање два нови членови 26 и 27 по членот 23 кој станува член 25 и за пренумерирање на членовите од 24 до 29 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 став 3 и став 4 на воведната реченица.

Пратеникот Лилјана Поповска поднесе амандмна на член 6 за менување на став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворампретрес по амандманот на член1 став 3 и на став 4 на воведната реченица, поднесенод ЗПК.

Соовој амандмна се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

Повелете господине Министре.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и е составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандмнаот на член 6 за менување на став 1, поднесенод пратеникот Лилјана Поповска.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

Повелете господине Министре.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа Лилјана Поповска, повелете.

**Лијална Поповска:** Благодарам.

Со оглед на амандманите што ги има поднесено Владата,овој амандман веќе не е потребен и го повлекувам.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот Игор Ивановски, повелете,

**Игор Ивановски:** Благодарам.

СДСМ дава начелно подршка на овој закон, икао сметаме дека за конкретниот закон во одреден дел е злоупотребено европското знаменце. Кога ќе се погледнат обемот и суштината на самите измени, ќе се види дека од вкупните измени што ги нарпави Владата со самиот предлог и со новите амандмани Што ги даде пред оваа расправа, ќе се види дека усогласувањето со европските директиви се само 10% од вкупните измени што се прават со овој закон. Тоа покажува дека за жал се злоупотребува европското знаменце да се забрза постапката за донесување на законите и во онаа ситуација кога тоа апсолутно не е оправдано ниту е потребно.

Тоа го кажувам како принципиелна забелешка за да не ни се случуваат слични ситуации во иднина, иако сметаме дека кога веќе се пристапило кон измена или приспособување на македонското со европското законодавство во овој дел, тоа требало да се направи чекор понатаму, со оглед на тоа што и во самиот закон пишува дека директивите се делумно усогласени со конкретните измени, иако имало простор за тоа да биде направено и на целосен начин.

Затоа, со таа забелешка ќе го гласаме овој закон во понатамошното функционирање дека ќе бидат потребни дополнителни прецизирања и измени.

Функционирањето на пазарот на парите и пазарот на капитал во однос на оној стадиум кој го има во развиените држави во Република Македонија е можеби на зачетокот, но тоа не значи дека оваа материја треба да биде оставена да се развива стихијно, напротив, таа треба да биде многу прецизно и многу објективно регулирана.

Ситуациите кои ни се случуваат во изминатите неколку недели, особено на крајот на 2007 година на македонската берза, па и одредени информации дека случувањата на македонската берза се поврзани со активностите на дел од функционерите на ВМРО ДПМНЕ во одредени институции покажува дека овој закон ќе мора да претрпи дополнителни измени и прецизирања.

СДСМ на тоа ќе работи и очекуваме дека на многу поконзистентен начин во натамошниот дел ќе се направат вистински, реални, а не козметички измени на Законот за хартии од вредност притоа објективно користејќи го знамето на Европската унија и реално пренесувајќи ги директивите што кога ќе се видат, пак ќе речам на почетокот на овој закон се минимални во однос на целокупните измени кои се имаат напрвено. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Ивановски.

Повелете госпоѓо Божиновска имате збор.

**Валентина Божиноска:** Благодарам потпретседателе.

Мислам дека една од забелешките и дел од извештајот од Европската унија беше токму независноста на регулаторните комисии и ние имавме подзаконски акти кои некаде кон крајот на годината моравме, согласно европското законодавство, да ги донесеме во контекст на Комисијата за хартии од вредност. Напротив, како член на Комисијата за Европски прашања не мислам дека е злоупотребено европското знаменце, едноставно во делот на амандманите кои ги добиваме од Владата, а и во делот на она што го направи Комисијата за хартии од вредност, како што беше случај со Маврово и Стопанска банка, а тоа значи дека навистина, согласно законот за хартии од вредност акционерите ќе бидат должни сега и во иднина до Комисијата да доставуваат извештај во случај кога поседуваат повеќе од 5% од кој било род хартии од вредност или го продаваат така што навистина мислам злоупотребите кои се случуваа во овој вакум простор дека тие во иднина нема да бидат навистина во предност.

Мислам дека во контекст на она што го направи Комисијата за хартии од вредност во обата случаи е предност за системот на Комисијата како таа треба во иднина да работи и во делот на промената на членовите на комисионерите дека со претседателот на Комисијата за хартии од вредност престануваат и членовите. Навистина тука имавме членови на комисионери кои работеа на други службени позиции, тоа се коси согласно законот и мислам и благодарам на опозицијата дека овој закон ќе биде од витално значење за Република Македонија. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Пред да преминеме кон гласање, констатирам најпрвин дека нема повеќе пријавени за збор.

Го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Ги молам пратениците кои не се во салата да влезат како би можеле да пристапиме кон гласање.

Бидејќи има услови за гласање, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 гласале 58 пратеника, сите 58 гласале за.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за хартии од вредност.

**Минуваме на точка 11. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на Законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави господин Шабан Салиу, повелете.

**Шабан Салиу:** Би сакал многу кратко да кажам неколку збора.

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

Сакам во неколку минути да кажам одредени мои размислувања во поглед на овој Предлог закон за дополнување на Кривичниот законик кој се носи во две фази, а претставува обврска од интеграциските процеси на Република Македонија.

Целта на Предлог законот е усогласување со меѓународните стандарди и тоа во областа на трговијата со луѓе, тероризмот и авторските права кои претставуваат една новина во регулирање на оваа кривична материја, како и заострување на казнената политика особено кај кривичните дела тероризам.

Самиот предлог содржи 23 члена од кои 7 се нови наслови и 7 нови члена. Особено се значајни приоритетните области во кои ќе биде сконцентрирана реформата која Владата ја има започнато конфискацијата на имотот и имотната корист, казнената одговорност на правните лица, дефинирање на организираниот криминал, економските казниви дела, делата на компјутерски криминал, заштита на малолетните деца кои се жртва на казнените напади, а е предвидено и ново кривично дело во овој дел, трговија со малолетни лица. Државата особено да се заложи да води грижа на овозможување на ефикасна заштита во однос на авторските права, така што кривичниот законик во овој момент ќе се усогласи со директивата 2004 на европскиот парламент и на Советот и на Спогодбата за трговски аспекти за правата од интелектуална сопственост, како и спогодбата за стабилизација и асоцијација. Благодарам.

**Благој Зашов:** И јас благодарам господине Салиу.

За збор се јави господин Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Во интерес на времето без да навлегуваме во прераскажување на содржината на измените на законот, на кривичниот законик, да го искажам партискиот став на нашата пратеничка група, на СДСМ дека ќе дадеме подршка и ќе гласаме за овие измени, затоа што одат во функција на подобрување на законските решенија, на битието на кривичните дела кои ги регулираат овие измени и заострување на казнената политика. Во таа смисла го даваме нашиот придонес и во оваа седница бидејќи овој знак е еден од законите од пакетот на закони со Еворпско знаменце. Единствено би се вклучиле сосема накратко во дискусиите, имаме некоку амандани и ќе почекаме министерот како ќе се произнесе по нив. Се надеваме дека ќе има соработка и од страна на Владата, затоа што амандманите се повеќе од стручно техничка природа, нема некои политички разлики и би придонеле за подобрување на текстот. Значи, намерата и на СДСМ во контекст на предлогот на Владата е иста и би можеле да ја декларираме нашата поддршка јавно. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Кондарко.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

Пред да преминеме на гласање јас ги повикувам колегите кои не се во салата да влезат, за да можеме да пристапиме кон гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник, гласале 59 пратеници, сите 59 пратеници се изјасниле за.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 61 пратеник, гласале 57 пратеници, сите 57 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлоготна законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на членовите 17 и 18 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Мериј Младеновска Ѓорѓиевска поднесе амандмани на член 6 став 3, член 9 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 9 став 2,

член 10 во новиот член 193-а став 2, и за менување на член 11, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Роза Топузова Каревска поднесе амандмани за додавање нов член 111-8, по членот 18, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Благодарам потпретседателе.

Со оглед на потребата од користењето на секој минут во расправата, јас ќе кажам дека од пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска се поднесени пет амандмани, од кои Владата ги прифаќа вториот, третиот и четвртиот амандман. Тие амандмани се однесуваат по однос на зголемувањето на санкциите во врска со заштитата на малолетните лица за направените кривични дела. Владата исто така го прифаќа и амандманот на пратеничката Роза Топузова Каревска, но не во онаа форма во која таа го предложи, тукуво форма, во кривично правна смисла на овој збор за законот, со тоа што кривичното дело кое таа го предлага произлегува од меѓународна конвенција се однесува на тоа што се воиведува ново кривично дело, тој што ќе изврши фалсификување на ознаки на огнено оружје со бришење, уништување или менување на ознаките на огненото оружје или деловите на огненото оружје и не изврши жигосување или означување на огненото оружје, деловите, компонентите на огненото оружје и муницијата, ќе се казни со затвор од една до 10 години. И, став 2, ако делот од ставот 1 на овој член го стори правно лице. Значи, го прифаќаме овој амандман со оваа формулација и ги прифаќаме амандманите 2, 3 и 4, од пратеничката Мери Младеновска Ѓорѓиевска што се однесуваат на тие кривични дела по однос на заострувањето на санкциите за заштита на малолетните лица. Тоа беше и делот за кој што ние мислам говоревме. Другите амандмани, првиот и петтиот амандман не се прифаќаат. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам.

За збор се јави господин Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам потпретседателе.

Коректно се заблагодарува за коректноста од страна на Министерот за правда за прифаќањето на амандманите поднесени од страна на пратениците на СДСМ. Останаа уште првиот и петтиот амандман. Почитуван министер и првиот и петтиот амандман се техничко подобрување на текстот односно во првиот амандман конкретно допрецизирање и усогласување на првната терминологија согласно Законот за наследување, со кој предлагаме зборовите крвен сродник во права линија или брат односно сестра да се заменат со зборовите роднини по права линија или роднини по странична линија.

Мислам дека нема ништо суштинско да смени во Законот, само ќе помогне при практичната негова примена да се воедначи терминологијата.

Исто така, бидејќи прифативте еден пакет од амандмани што се однесуваат на пооштрување на казнената политика, исто така и петтиот амандман се однесува на зголемување на казните што се однесуваат на обљуба, односно на полов напад врз малолетно дете. Така што, во функција на заштита на малолетните деца, сметаме дека согласно и тенденцијата на Владата, искажана преку овие измени на Законот за заострување на казнената политика оди во функција токму и на предлозите и решенијата на амандманот 5 што исто така ги поострува казните во овој вид на кривични дела за обљуба над малолетни деца. Така што, до колку сметате уште еднаш да побарам од вас, до коку има евентуално простор за евентуално да го промените мислењето и евентаулно, делови од овие амандмани да ги усогалсите со текстот, односно со предлогот на Владата, така што мислам дека целта би била постигната во функција на подобрување на законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господин Кондарко.

За збор се јави министерот за правда.

Повелете господине министер.

**Михајло Маневски:** Го ценам ова што го кажа пратеникот Кондарко Борис, меѓутоа сакам да ви кажам дека она што е амандманот 5, оној кој ќе изврши обљуба со роднина, не е само со роднина, туку Законот и сега пропишува дека оној кој ќе изврши обљуба со крвен сродник по права линија, односно брат и сестра и второто што сакав да ви го кажам, мислам дека Министерството за правда работи согласно утврдената стратегија на реформа на казненото законодавство, така што сите кривични дела ќе бидат предмет на одредено согледување или во работата на кривични дела ќе се имаат во предвид и овие амандмани на кои сега се укажува. Меѓутоа, мислам дека не е време за проширување на курот на лицата со роднини од странична линија до четврти степен. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине минситер.

Амандманот не е приватен.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да преминеме на гласање, би сакал да констатираме дали имаме кворум за работа.

Ги молам пратениците кои не се во салата да велзат за да можеме да пристапиме кон гласање по амандманот.

Молам служужбите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите утврдуваат точен број на присутни пратении).

Уште еднаш ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат за да пристапиме кон гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 60 пратеници од кои за амандманот 7, воздржани нема, против 53.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 6 став 3, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Амандманот 2 Владата го усвои и е составен дел на законот.

Амандманот 3 и амандманот 4, исто така, Владата ги усвои и стануваат составен дел на предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 11, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Збор има министерот за правда, повелете господине министер.

**Михајло Маневски:** Амандманот под број 5 не се прифаќа, од истите причини што ги кажав и за амандманот број 1.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 55 пратеници, за амадманот гласале 8, воздржани нема, против амандманот гласале 47 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за менување на член 11, поднесен од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 18-а по членот 18, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе уште еднаш, бидејќи го нема предлагачот на амандманот, ќе мора да одиме во редовна процедура.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа со формулацијата што јас ја кажав во моето образложение по законот.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен од страна на Владата со објаснувањето што го даде министерот за правда.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници од кои сите 57 гласале за. Нема против, нева воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик.

**Минуваме на точката 12 - Предлог за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави министерот за економија.

Повелете госпоѓо министер.

**Вера Рафајловска:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, дами и господо,

За прв пат во Република Македонија со предложениот Закон за концесии и јавно приватно партнерство се создава правна рамка што ќе овозможи влез на приватниот капитал во изградба на инфраструктурни објекти и во обезбедување на квалитетни јавни услуги.

Предлогот на законот го регулира прашањето за концесии и други видови на јавно приватно партнерство во однос на концесиите. Во Предлогот на законот е вградена директивата 2004/18 на Европската унија.

Денеска, јавното приватно партнерство е застапено во сите земји, членки на ЕУ, со единствена разлика во примена на различни модели, што во основа е последица на разликите од националните законодавства. Ова е од причина што не постои директива за јавно приватно партнерство.

Овој начин на финансирање ќе овозможи зголемување на инвестиции, намалување на трошоците за изградба, скратување на роковите за градба, поделба на ризикот, повисок квалитет на дадени услуги, јакнење на капацитетот на институциите на национално и регионално ниво, јакнење на капацитетот на приватниот сектор и многу значајно, димензионирање на економскиот развој и зголемување на бројот на вработените.

При подготовката на Предлогот на законот се анализираа искуствата од повеќе земји. Европската и светската практика покажаа дека токму концептот на јавно приватно партнерство може да ги димензионира инвестициите и да претставува фундамент за почеток на нов инвестиционен циклус. Како аргумент на наведеното, во Европа, во периодот од 1994 година до 2005 година, склучени се договори за јавно приватно партнерство во вредност од 100 милијарди евра, од кои 2/3 се во Велика Британија.

Во Законот се дефинира јавен партнер, кој може да биде, тоа е Република Македонија, општината

на Град Скопје, јавните претпријатија, трговските друштва основани од Република Македонија и општините, како и друштвата врз кои државата и органите на општината имаат директно или индиректно влијание преку сопственоста над нив, како и други правни лица кои вршат дејност од јавен интерес.

Приватен партнер може да биде домашно или странско правн лице или физичко лице или конзорциум кому е доделена концесија или е склучен договор за јавно приватно партнерств.

Како форми на концесија и на јавно приватно партнерство се утврдени: договорно партнерство и институционално, што значи во форма на здружување како трговско друштво.

Новина што се предлага во законот е основање на Совет за концесија и јавно приватно партнерство. Советот е составен од 11 членови и тоа претставници од Министерството за економија, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Секретаријатот за законодавство, двајца претставници на ЗЕЛС како и двајца експерти од економијата и правото.

По ова прашање, според договорот на лидерската средба, е договорено и заеднички усогласено. Задачата на Советот е да ги проучува прашањата и политиката за водење на проекти од обласна на концесиите и јавно приватно партнерство кои се основа за изготвување на стратегија за реализација на проектите. Стратегијата ја донесува Собранието. И ова прашање е усогласено со опозицијата.

Во законот се дадени случаи кога концесија не може да се даде, а тоа е кога претставува опасност за национална безбедност и одбрана на државата, опасност по заштита на животната средина, човечкото здравје како и други случаи утврдени со законот.

Предлог за отпочнување на постапка, во зависност од видот на концезијата, е задолжително и многу значајно изработка на студија за концесискиот проект.

Доделување на концесијата се врши по пат на јавен овик, отворен, ограничен.

Тоа што е ново во законот е таканаречен конкурентен дијалог. Ова, за прв пат се регулира во овој Предлог на закон. Тоа е постапка за доделување на концесија во која концедентот повикува кандидати да изготват или да предлжат решение со кој ќе се исполнат изведбените и функционалните барања на концедентот, пред да ги достават понудите. Оваа постапка се спроведува во случаи кога концедентот смета дека нема да оствари резултати со отворен или ограничен повик.

Вообичаените рокови се за отворен повик 52, за ограничен повик двете фази 77. Во Законот е предвидено и во случаи на итност, роковите да можат да бидат пократки. И тоа, во прва фаза на ограничен повик не помалку од 20 дена, втора фаза на ограничен повик не помалку од 15 дена, постапка со конкурентен дијалог не помалку од 20 дена. И ова прашање е усогласено, според договорот на лидерската средба.

Постапките што се однесуваат за концесиите во Законот подеднакво се применуваат и за јавното приватно партнерство.

Со јавно приватното партнерство се обезбедува вклучување на приватен партнер во финансирањето на проектирањето, опремување, изведување на инвестиционен проект, давање на услуги за определен временски период, активности со цел на економски, социјален развој, заживување на развој на општината и Градот Скопје. Изготвување на пилот проекти, промотивен, образовен, научен и културен потфат и други облици на соработка со законот.

Кон потфатот на јавно приватно партнерство ќе се прифати, до колку тоа носи добивки од јавен интерес што ги надминува придобивките што произлегуваат од вообичаениот начин на обезбедување на услови за вршење на јавни услуги.

Иницијативата за пристапување кон јавно приватно партнерство ја покренува јавниот партнер со донесување на одлука за отпочнување на постапка врз основа на претходна студија за потфат.

Што се однесува до прашањата поврзани со ризикот од реализација на доделениот договор за јавно приватно партнетств, истиот го сностат и јавниот и приватниот партнер.

Новина во законот е воведување на регистар на доделени концесии и договори за јавно приватно партнерство што го води Министерството за финансии. Благодарам.

**Благој Зашов:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

Пред да пристапиме кон гласање, јас ги повикувам пратениците кои не се во салата, да влезат во салата.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 60 пратеници, сите 60 гласале за усвојување на заклучокот.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник. Сите 61 пратеник гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поденсе амандмани на член 8 став 4, член 8 за менување на став 4, член 29 за бришење на став 2, член 33 став 2, член 34 став 4, за менување на член 35, член 36 став 1, член 44 став 3 за бришење на точка 7 и за пренумерација на точките од 8 до 15, член 49 точка а), б) и в), член 54 став 1, член 67 став 3 и на член 92 за бришење на став 2 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за економски прашања поднесе амандман за додавање нов член 82-а по членот 82 по кој Владата не се произнела.

Пратениците Џеват Адеми, Рафис Алити, Аднан Јашари и Тахир Хани поднесоа амандмани на член 8 став 4 и на член 76 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов поднесоа амандмани на член 3 точка 3, член 8 став 1, за бришење на став 3 и за додавање нови ставови 3, 4 и 5, член 22 став 1, член 31 став 3 за бришење на член 32, член 33 став 2, член 36 став 1, член 40 став 2 алинеја 14 за бришење на член 49, член 54 за бришење на став 1, член 59 став 2 за додавање нова алинеа 4 по алинеа 3, за бришење на член 61, член 63, член 67 став 3, член 76 став 1, член 86 ставови 2 и 3, член 92 став 2 и на член 102 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 точка 3, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот на член 3 точка 3 не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за бришење на став 3, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за додавање нов став 3, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Заначи, со амандманот се предлагаше членовите на Советот за концесија, односно јавно приватно партнерство да ги именува и разрешува Собранието на предлог на Владата на Република Македонија. Но, во интерес на времето, амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 4, поднесен од пратениците Џеват Адеми, Рафис Алити, Аднан Јашари и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа со една мала јазична грешка. Инаку, се прифаќа амандманот.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен, со јазичната грешка која ќе се исправи.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 4, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа, бидејќи има амандман од Влада.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен, бидејќи има амандман од Владата.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Како што кажа министерката во процесот на усогласување на законот беше договорено Владата да поднесе амандман на овој член и бидејќи е поднесен амандман од страна на Владата, ние го повлекуваме амандманот.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 5, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа. **Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлог на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 31 став 3 алинеа 1, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлог на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 32 , поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлог на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 33 став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Верица Филипова .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа. Има амандман од Влада.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме, затоа што Владата има поднесено ист амандман.

**Благој Зашов:** Констатирам дека амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 36 став 1, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа. Има амандман од Владата.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен, бидејќи има амандман од Владата.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повелкуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 2 алинеа 14, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 49, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа. Има амандман од Влада.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 54 за бришење на став 1, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа. Има амандман од Владата.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 59 став 2 за додавање нова алинеа 4 по алинеа 3, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 61, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 63, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува состевен дел на Предлог на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 3, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа. Има амандман од Влада.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 76 став 1, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен од страна на предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на член 76 став 3, поднесен од пратениците Џеват Адеми, Рафис Алити, Аднан Јашари и Тахир Хани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Во име на предлагачите го повлекуваме предложениот амандман.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 82-А по членот 82, поднесен од Комисијата за економски прашања.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа со мала измена на крајот од реченицита согласно договорот. Зборовите да се стават на крајот од реченицата.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен, со мала модификација.

Дали предлагачот ја прифаќа модификацијата?

Предлагачот ја прифаќа модификацијата.

Амандманот станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 86 став 3, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 92 став 2, поднесен од пратениците Марјанчо Николов и Верица Филипова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа. Има амандман од Влада.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Амандманот го повлекуваме.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 102, поднесен од пратениците Верица Филипова и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Вера Рафајловска:** Амандманот не се прифаќа.

**Благој Зашов:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Го повлекуваме амандманот.

**Благој Зашов:** Амандманот е повлечен од страна на предлагачите.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

СДС ќе даде подршка на овој закон. И благодариме на разбирањето пред се на министерката, но и на останатите во Министерството за економија која што уважи сериозен дел од нашите забелешки кои беа дадени и во дел на амандмани, но и во делот на меѓусебните разговори. СДСМ сериозно го подржува регулирањето на оваа материја, иако нашиот став од самиот почеток до сега беше дека треба да се употреби пристапот и принципот кој што е иманентен во мнозинство на државите во Европската унија, а тоа е дека треба да се регулира преку закон за јавно приватно партнерство кој што во себе ќе ги опфати и концесиите и градбата и јавните набавски итн. Предлогот така да се рекомпонира овој закон не беше прифатен со објаснување дека има приоритети кои што треба да бидат реализирани преку овој закон. Ние тоа го подржавме и затоа и се договоривме и инсистиравме, тоа беше на крајот прифатено дел од нашите забелешки да бидат прифатени што и се случи на оваа седница.

Она што СДСМ сака да го истакне е дека овој закон кој што е исклучително значаен не треба да остане мртов закон, ниту пак Министерството за економија, или пак останатите единици дали на локално, дали на централно ниво ќе го користат, значи не треба ниту да се стеснуваат, ниту пак прешироко да го искористуваат самиот закон. Праксата допрва ќе покаже дали решенијата кои што се во овој закон ќе бидат комплетно остварливи, практично корисни и секако дека ќе се јави потреба во подоцнежниот период можеби да се реагира и во одреден дел на подобрување, увидувајќи ги можеби евентуалните слабости и пропусти во функционирањето во праксата. На

крајот на краиштата ќе биде најзначајно искористувањето на погодностите кои што ги дава институтот јавно приватно партнерство да бидат направени во исклучително отворена, транспарентна и постапка која што ќе гарантира на крај ефикасност, најниска цена и најдобар квалитет. Тоа се постулатите врз кои што се базира целиот концепт на јавно приватно партнерство и се надеваме дека во функционирањето во праксата тоа и навистина ќе биде резултат. Од тие причини ние ќе дадеме подршка на конкретниот текст на законот. Благодарам.

**Благој Зашов:** Има збор пратеникот Џеват Адеми, повелете.

**Џават Адеми:** Благодарам господине потпретседател.

Сакам да го нагласам овој момент во однос на дискусијата по Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство меѓу Владата и опозицијата. Во оваа прилика, треба да се одвои како позитивен момент заради самиот факт што сме имале многу недоразбирања, нејаснотии и сериозни забелешки на адреса на подготвувањето и фазите на поднесувањето и управување со овој закон од страна на предлагачот. Сакам да ја нагласам како позитивен момент кооперативноста, докажана од страна на предлагачот, со опозицијата, опфаќајќи ја и нашата парламентарна група во разговорите и консултациите, како и соработката што претставниците на нашата парламентарна група ја имаа со претставниците на Министерството за економија, што резултираше со прифаќање односно кооперативен пристап на Министерството за економија и ние денес имаме можност сите заедно да донесеме и изгласаме закон кој е многу квалитетен за разлика од оној што се поднесе во прва фаза.

Прашањето на концесии е деликатно прашање кое го засега непосредно граѓанинот и е во интерес на граѓаните, локалната самоуправа и централната власт и ја поздравувам флексибилноста манифестирана од страна на госпоѓата министер за економија. Во суштина, оваа конструктивна атмосфера се увиде уште на средбата на лидерите на четирите поголеми политички партии во Македонија и спремноста да се изнајде едно решение, за тоа што и сугетиите од надвор од специјализираните единици на Европската комисија беа во насока дека прашањето на концесии и другите видови на јавно приватно партнерство се деликатни и чувствителни теми за кои најмалку што треба да посигтнеме е едно разбирање, приближување на позиции меѓу парламентарните групи и со задоволство го искажувам ставот на нашата парламентарна група дека ние ќе гласаме за овој закон, затоа што е нов момент, нов сигнал кој ние за среќа го проследуваме до нашите пријатели, не само до нашите граѓани, туку го проследуваме и до тие кои ги набљудуваат политичките настани во Македонија. Велам за среќа, денешната работа докажа дека кога има толерантност и разбирање и приближување на позиции не е проблем Парламентот да биде ефикасен. Од тоа што го конципиравме за денес да го надминеме, речиси 90% го реализиравме предвиденото. Искажувајќи уште еднаш поддршка - гледам дека го гледате времето, ќе ви дадам можност пред 18,00 часот да поставите прашања дали ќе продолжиме со работа, значи ние ќе гласаме за овој закон. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господине Адеми за разбирањето.

За збор се јави господин Ружди Матоши, повелете господине Матоши.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

Сакам да ја поздравам конструктивноста од страна на опозицијата. Благодарам.

**Благој Зашов:** Благодарам господин Матоши.

За збор се јави повторно господин Џеват Адеми, повелете.

**Џеват Адеми:** Афирмативна контрареплика: во овој случај конструктивна испадна Владата. Поздрави до Владата.

**Благој Зашов:** Благодарам и за поздравите до Владата.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат, како би можеле и овој закон да го изгласаме вечерва.

Констатирано е дека има доволен број пратеници за работа.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 64 пратеници колку што гласале, сите се изјасниле за усвојување на законот.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство.

Пред да ја прекинеме оваа седница, дозволете ми од мое име и од ваше име на верниците од православната вероисповед да им ги честитам престојните празници и Бадник и Божиќ.

Ја прекинувам седницата.

Ќе продолжиме во вторник, за што дополнително ќе бидете известени.

(Седницата прекина во 18,00 часот)